Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1724/2022

Дата: .....15 -09- 2022.......

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Општина Јегуновце ѝ се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на нов 10(20) kV кабелски вод низ КО Раотинце, КО Подбреѓе и КО Јегуновце, Општина Јегуновце.**

Вкупната должина на трасата за која се издаваат Условите за планирање на просторот изнесува 2,075 км. Должината за која се издаваат овие Услови за планирање на просторот изнесува 1,85 км. Останатиот дел од трасата навлегува во плански опфати за кои се издадени Услови за планирање на просторот со бр. Y24907, Y23222 и Y26721.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y28222** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот за изградба на нов 10(20) kV кабелски вод низ КО Раотинце, КО Подбреѓе и КО Јегуновце, Општина Јегуновце, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и **заклучни согледувања со обврзувачка активност** од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Предметниот опфат навлегува во II заштитна зона на изворот „Рашче", поради што е потребно да се почетуваат одредбите од Одлуката за определување на заштитни зони за заштита на водите за водозафатниот објект извор „Рашче", мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитните зони и картографски приказ („Сл. Весник на РСМ" бр. 3/21).

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на планската документација потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 106 212
www.moepp.gov.mk

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Општина Јегуновце, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УП 43905, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот за изградба на нов 10(20) kV кабелски вод низ КО Раотинце, КО Подбреѓе и КО Јегуновце, Општина Јегуновце.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Услови за планирање на просторот за изградба на нов 10(20) kV кабелски вод низ КО Раотинце, КО Подбреѓе и КО Јегуновце, Општина Јегуновце и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1724/2022 од 9.09.2022 година.

**Условите за планирање на просторот за изградба на нов 10(20) kV кабелски вод низ КО Раотинце, КО Подбреѓе и КО Јегуновце, Општина Јегуновце, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.**

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Република Северна Македонија, Министерство за животна средина и просторно планирање, Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut, Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor, Shkup

Изготвил: Дејан Гаџовски

Одобрил: Соња Фурнаџиска